**1690.**

Врз основа на член 23-б став 12 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15 , 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.77/21, 215/21 и 295/21) министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалаци, формата и содржината на образецот на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за издадени и одземени лиценци.

Член 2

Барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалаци се поднесува на образец  во формат А-4, на хартија со бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци се издава на образец со формат А-4, на специјална хартија со сива боја.

Формата и содржината на образецот на лиценцата од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Регистарот на издадени и одземени лиценци за продажба на алкохолни пијалаци се води во електронска форма во Excel документ.

Формата и содржината на регистарот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник,  престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на лиценца за продажба на алкохолни пијалаци, формата и содржината на образецот на лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 184/19).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 11-925/3
11 мај 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

Арх. бр. и датум Прилог 1

_________________

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
-Сектор за меѓународна трговска соработка

Б А Р А Њ Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОДАЖБА НА
МАЛО НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

Од _________________________________________________________________
(Назив и седиште на субјектот)

_________________________________________________________________

Бараме да ни се издаде Лиценца за продажба на алкохолни пијалаци на мало за малопродажниот објект:

___________________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________________________

Означи го видот на барањето со ☒

☐ Кон барањето за издавање лиценца се приложени следниве документи :

-Оригинална тековна состојба на трговецот на мало, издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
-оригинална уплатница за платен надоместок во износ од 20.000 денари и
-оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50 денари.

☐ Кон барањето за продолжување на лиценца трговецот на мало кој има до три продажни објекти се приложени следниве документи:

-оригинална уплатница за платен надоместок во износ од 5.000 денари и
-оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50 денари.

☐ Кон барањето за продолжување на лиценца трговецот на мало кој има над три продажни објекти се приложени следниве документи:

-оригинална уплатница за платен надоместок во висина од 0,05% од вкупниот промет остварен од трговија на мало остварен во претходната година;
-скратен исказ од годишна сметка издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија;
-доказ за остварен приход од трговија на мало, доколку остварува приходи и по други основи;
-оригинална уплатница за платен надоместок во износ од 15.000 денари и
-оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50 денари.

Телефон и лице за контакт Одговорно лице

_____________________________ _________________
(име и презиме )

ПРИЛОГ 2

Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Врз основа на член 23-б став 1 од Законот за трговија, министерот за економија издава:

# ЛИЦЕНЦА

**ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ**

**на**

______________________________________________

**(назив на трговец на мало кој врши продажба на алкохолни пијалоци)**

______________________________________________

**(деловно седиште на трговецот на мало)**

______________________________________________

**(адреса на продажниот објект)**

**Лиценцата важи за период од две години.**

**Рег. бр.** __________

**Бр.** ________

______________ година

Скопје

МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,

__________________________

**Потпис**

М.П.

ПРИЛОГ 3

Република Северна Македонија
Министерство за економија

**Регистар**
**на издадени и одземени лиценци за продажба на алкохолни пијалаци**

насловна страна

| Реден број | Архивски број на барањето | Датум на поднесување на барањето | Регистерски број на лиценцата | Датум на издавање на лиценцата | Назив на трговецот на мало | Единствен матичен број на субјектот | Деловно седиште на трговецот на мало | Адреса на продажниот објект | Број на решението за одземање на лицената | Датум на решението за одземање на лицената | Телефон | e-mail | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 0 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |